Балканската мрежа за развој на граѓанско општество (БЦСДН) преку програмата „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓанските организации“ објавува јавен повик за доделување грантови за мрежи на граѓански организации.




Целокупниот износ на финансиски средства кој е на располагање во рамките на овој повик изнесува 22.000 евра. Максималниот износ за кој може да се достави предлог-проект е 4.400 евра (270.600 МКД). Ќе се доделат најмалку 5 грантови.

**Рокот за поднесување на апликацијата е 29 ноември 2019 г. најдоцна до 16 часот.**

Апликациите доставени по овој рок нема да бидат разгледувани. Апликациите може да се доставаат по пошта исклучиво со препорачано писмо, по курир или лично на рака на следната адреса: Улица Македонија 43-1/9, 1000, Скопје (види ја локацијата на мапа ).

Целосниот повик како и формуларите за аплицирање се достапни на следниве линкови:

- **Повик за мрежи**
- **Буџет**

- **Формулар за аплицирање**

Дополнително ќе биде организирана една **информативна сесија на 6 ноември (среда) 2019 г. од 11 до 13 часот во просториите на МЦМС (ул. Никола Парапунов 41А, 1000 Скопје)** . Ве молиме задолжително да го најавите своето присуство за информативната сесија најдоцна до 5 ноември (вторник) 2019 г. на executiveoffice@balkancsd.net .

Целта на овој повик е да овозможи зајакнување на капацитети на мрежите на граѓанските организации за транспарентно и отчетно работење. Во своето работење мрежите на граѓанските организации се соочуваат со сè поголем притисок од страна на донаторите, членките и јавноста да покажат транспарентност и отчетност. Преку воведувањето на кодекси, внатрешни системи и процедури за добро управување, мрежите ќе обезбедат гаранција за своето работење кон своите донатори и крајни корисници. Дополнително, воспоставените внатрешни системи за добро управување ќе придонесат мрежите да бидат поефикасни и успешни во реализацијата на своите проекти и активности, како и да стекнат доверба кај пошироката јавност.

Програмата ја спроведува МЦМС во соработка со БЦСДН и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија (ЦНВОС), во периодот од 2018 до 2021 г. Програмата е финансирана од Европската Унија (ЕУ).